ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Ул.„Јаким Стојковски" бр.1
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk
Одделение за урбанизам

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 10–283/5-__ од 23.11.2026 год.
Пробиштип

До _____
_____

ПРЕДМЕТ: **Известување-покана** за одржување на јавна анкета и јавна презентација за донесување на **Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

Почитувани,

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ"бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25, 134/26 и бр.212/26 год.) Ве известуваме дека ќе се одржи

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
со стручно презентирање на

Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со **Тех.Број 136/2024 од Март 2025**, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, која што презентација ќе се одржи на ден **11.12.2026 год.** (петок) со почеток во **11.30** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип во Домот на културата - Пробиштип.

ЈАВНА АНКЕТА по

Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со **Тех.Број 136/2024 од Март 2025**, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе трае **30** (триесет) **дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **24.11.2026 год.** до **23.12.2026 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam***. Во прилог на анкетните листови да се достави копија од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

Графичкиот прилог од Нацрт планот за Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, објавен во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, како и на

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Ул.„Јаким Стојковски" бр.1
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk
Одделение за урбанизам

истакнато јавно место на предметниот опфат во Урбан Блок 9.1, а подетални информации во врска со горенаведениот план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат. Се со цел навремено доставување на писмени забелешки, предлози или мислења преку анкетни листови и активно учество во повторната јавна анкета и јавна презентација, Ве поканuваме да ја разгледате и направете увид во истата на web страната на Општина Пробиштип: www.probistip.gov.mk во периодот на времетраењето на јавната анекта. Доколку во овој временски рок не доставите анкетни ливчиња, ќе се смета дека немате никакви забелешки, предлози или мислења по Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 9.1, КО Пробиштип, Општина Пробиштип.

Изготвил: Ј.Дукоска JORDANKA DUKOSKA Digitally signed by JORDANKA DUKOSKA Date: 2026.11.24 13:53:59 +01'00'
Одобрил: Б.Станојковски

BRANKO STANOJKOVSKI Digitally signed by BRANKO STANOJKOVSKI Date: 2026.11.24 14:04:50 +01'00'

м.п.

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Градоначалник,
Тони Тоневски

Toni Tonevski Digitally signed by Toni Tonevski Date: 2026.11.24 14:19:46 +01'00'